EUROIMPEX
Генерален увозник

01.06.2023 год., Скопје

## Оглас за вработување на магационер

**Еуроимпекс ДОО** е компанија основана 1990 година и е првата автомобилска компанија на Македонскиот пазар. За овие 28 години успешно стопанисување, остваривме одличен развој благодарејќи на компаниската стратегија и на нашиот тим. Денес, сме компанија со 90 вработени лица, застапуваме повеќе кохерентни бренови, а за брендовите Peugeot и Opel сме Генерални застапници на 5 пазари во регионот: Македонија, Србија, Црна Гора, Косово и Албанија.

Во потрага сме по колега кој ќе биде дел од тимот на централниот магацин на позиција магационер:

**Главни обврски и одговорности:**

- Квантитативен прием и испорака на добрата (производите) од централниот магацин;
- Организирање, распоредување и сместување на добрата во магацинот;
- Поставување на примените добра/производи на соодветна адреса во централниот магацин;
- Манипулација со транспортни средства како: колички, дигалки и виљушкари;
- Водење на грижа за соодветната документација за прием и издавање на добрата/производите;
- Подготовка и доставување на производи кон сервисната единица како и подготовка на производи за испорака т.е. нивен утовар;
- Оптимизација на магцинскиот простор според потребите на тековното работење;
- Проверка на рокови и лепење декларации;
- Учество во пописи;
- Одржување на ред и хигиена во магацинскиот простор;
- Почитување на правилата, процедурите и оперативните стандарди во компанијата;
- Помош и соработка во оперативни активности на други работни единици.

**Потребни квалификации:**

- ССС;
- Искуството со управување со виљушкар ќе се смета за предност;
- Пожелно работно искуство 1-2 години;
- Возачка дозвола: Б категорија;
- Основно познавање на MS Office ќе се смета за предност.
- Колегијално и синхронизирано работење со останатите членови на тимот;
- Навременост и самостојност во извршување на работните задачи.

**Еуроимпекс ДОО** овозможува еднакви можности за вработување и позитивно ги поттикнува апликантите со соодветно квалификувани карактеристики да аплицираат - без разлика на пол, раса, хендикепираност, возраст, сексуална ориентација, брак или граѓанско партнерство, бременост и/или мајчинство, религија или убедување.

**Вашите апликации испратете ги на: euroimpex@euroimpex.com.mk**
Краен рок за аплицирање: **15.06.2023**